FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

MULTIKULTURA

# КАКО СЕ ГЕНЕРИРААТ ПАРИТЕ НА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ И КАКО ТИЕ СЕ ТРОШАТ НИЗ ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

## Студија за јавните набавки во средните училишта во Општина Тетово во 2018 година



Тетово, Јуни 2020

**КАКО СЕ ГЕНЕРИРААТ ПАРИТЕ НА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ И КАКО ТИЕ СЕ ТРОШАТ НИЗ ЈАВНИТЕ НАБАВКИ**

Студија за јавните набавки во средните училишта во Општина Тетово во 2018 година

Тетово, Јуни 2020

**КАКО СЕ ГЕНЕРИРААТ ПАРИТЕ НА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ И КАКО ТИЕ СЕ ТРОШАТ НИЗ ЈАВНИТЕ НАБАВКИ**

(фокус: Средни општински училишта во општина Тетово- 2018 година)

**Здружение Мултикултура- Тетово**

**www.multikultura.org.mk**

**За издавачот**

Здружение Мултикултура- Тетово

**Автори**

Јашар Касами

Агрон Бафтијари

**Лектура**

Самет Дервиши

Оваа публикација е изготвена со помош на Фондација Отворено Општество Македонија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Здружение Мултикултура од Тетово и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Фондацијата Отворено Општество Македонија.

Проектот е финансиран од страна на Фондација Отворено Општество Македонија.

# СОДРЖИНА

1. Вовед ........................................................................................................................ 5
2. Преглед на актуелните политики во регулативата и практиката за постапување со јавните набавки во средните училишта во Општина Тетово ........................................................................................................................ 8
   2.1. Како се генерираат парите на средношколвите- Блок дотацијата за средното образование ........................................................................................................ 9
   2.2. Како се трошат парите на средношкоците ................................................... 13
3. Препораки ........................................................................................................ 22
4. Извори ........................................................................................................... 23

# 1.ВОВЕД

**Како се генерираат парите на средношколците и како тие се трошат низ јавните набавки?**, студија за поттикнување на интересот на јавноста за транспарентно и отчетно трошење на парите во јавните набавки во средното образование го спроведува Здружение Мултикултура од Тетово во рамките на проектот "Како се трошат парите од јавните набавки на средношколците", а финансиски поддржан од Фондација Отворено Општество Македонија.

Целта на проектот е да се поттикне интересот на јавноста и заинтересираните страни за трошењето на средствата за јавни набавки во средното образование преку зголемување на транспарентноста и достапноста на релевантните податоци и индикатори.

Евидентно е дека во земјата постои слаба информираност на учениците и родителите за нивните права и можности поврзани со трошењето на јавните средства во високото образование. Нивниот интерес за овие прашања е на исклучително ниско ниво. На исто  ниво е и интересот на медиумите, особено на локално ниво, за известување на овие теми. Тоа во голем дел се должи и на отсуството на вештини за генерирање и анализа на јавно достапни податоци поврзани со јавни набавки во земјата. На почетокот, треба да се потенцира дека единиците на локалните самоуправи се соочуваат со големи предизвици при обезбедувањето на средства за финансирање на нивните дејности, во конкретниот случај тоа важи и за финансирање на средното образование. Ургентноста на ова истражување се огледува во тоа што едно од клучните прашања кое што се поставува во конкретниот момент, е дали е обезбедена транспарентност и отчетност при трошењето на јавните пари во делот на средното образование.

Оттука сметаме дека се работи за актуелно и ургентно прашање, за кое токму овој проект и анализа ќе придонесе истото да стане видливо и да се актуализира. Преку ова истражување кое се состои од анализа на структурата на јавните набавки, начинот на генерирањето и трошењето на парите на средошколците, начинот на доделување на договорите за јавни набавки и висината на средствата поделени по училишта, таргет група беа: учениците од средните училишта од Општина Тетово, наставниците и раководните

органи на средните училишта на Општина Тетово. После издавање на оваа студија, преку организирање на јавни дебати во сите средни училишта на самите родители, ќе им се објасни како се финансира образованието на нивните деца со посебен фокус на јавните набавки.

Креаторите на политики, во конкретниот случај единиците на локалната самоуправа и државата, кон кои се обраќаме преку анализата и јавните настани, како начин на заедничко детектирање на слабостите на системот на трошење на средствата за јавни набавки во средното образование, медиумите и медиумските работници во поширока смисла, кои преку анализа и инфо-графици ќе имаат пристап до сериозни и издржани податоци кои ќе може да ги користат при нивното професионално делување, како и пошироката заедница, на која се обраќаме преку јавни дебати и кампања на социјалните мрежи се исто така целни групи кон кои е насочен оваа анализа.

Што се однесува до методологијата на спроведеното истражување, истата се темели на три клучни точки:

1) анализа на постојното законско решение и актуелните политики за јавните набавки, и тоа анализа на:

- Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа

- Законот за јавните набавки во единиците на локалната самоуправа,

- Законот за српечување на корупцијата и неговото спроведување во средното образование

- Закон за средното образование

- Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија

за нивното спроведување во периодот Јануари – Декември 2018 година во текот на јавните набавки во средното образование во Општина Тетово.

2) анализа на достапните информации за јавните набавки преку електронскиот систем на Бирото за јавни набавки на РСМ, од кои беа анализирани јавните набавки спроведени од општинските средни училишта во периодот Јануари – Декември 2018 година и тоа:

- Гимназија „Кирил Пејчиновиќ“- 2 јавни набавки

- Гимназија „7 Марси“- 5 јавни набавки

- ОСУ „Моша Пијаде“ – 11 јавни набавки

- ОССУ „Ѓоце Стојчески“- 2 јавни набавки

- ОСЕУ „8 Септември“ – 2 јавни набавки

3) редовна комуникација и директни состаноци со засегнатите страни со цел прибирање на информации, тоа:

- состаноци со комисиите надлежни за спроведување на јавните набавки при средните училишта во Општина Тетово

- состаноци со претставници од Државниот просветен инспекторатот за образование и наука во Тетово

- состаноци со раководството и книговодствените служби на училиштата на управување и наставниците во средните училишта во Општина Тетово

Овој документ е поделен на неколку делови. Во првиот дел на документот е ставен акцент на актуелните трендови во регулативата и практиката и јавните набавки во земјата, вклучувајќи го дефинирањето на предметот на јавна набавка, видовите постапки за јавни набавки, спроведувањето на самата постапка итн. Во вториот дел на документот е опфатено анализата на јавните набавки во средното образование во Општина Тетово во 2018 година и опфаќа повеќе релевантни параметри (општи информации за јавните набавки, вредноста на склучените договори, намената и носителите на јавните набавки итн). Конечно, во третиот дел на документот се формулирани препораки на спроведеното истражување.

## 2. ПРЕГЛЕД НА АКТУЕЛНИТЕ ПОЛИТИКИ ВО РЕГУЛАТИВАТА И ПРАКТИКАТА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ТЕТОВО

Во општина Тетово задолжителното средно образование се реализира во 6 јавни средни Општински Училишта: две гимназии, четири средни стручни училишта (и едно државно- средно музичко училиште). Во нив се опфатени средношколци од општината Тетово но и од општините на подрачјето на Тетово (просторно пространство: исток-запад 40 км и север–југ 50 км), општините: Желино, Јегуновце, Теарце, Боговиње и Брвеница. Во средните училишта доаѓаат ученици од 36 основни општински училишта: 12 од градот Тетово и 24 училишта од другите рурални општини. Понатаму ќе се фокусираме само на јавните средни општински училишта.

Во календарската 2018 година, вкупниот број на учениците во сите јавни средни училишта во Тетово изнесува **7.699** ученици, додека вкупниот број на вработените изнесува **807** лица од кои: наставници и стручни соработници се **682**, а останати вработени се **125**.

*ПРИКАЗ 1: Во 2018 година ученици-наставници/стручни соработници- други вработени, по училишта*

| | **Средно училиште** | **Број на ученици** | **Број на наставници и стр. Соработници** | **Број на други вработени** | **Вкупен број на вработени** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Гимназија „Кирил Пејчиновиќ“ | 1.340 | 103 | 23 | 126 |
| 2. | Гимназија „7 Марси“ | 739 | 79 | 14 | 93 |
| 3. | ОСУ „Моша Пијаде“ | 837 | 142 | 32 | 174 |
| 4. | ОСМУ „Никола Штејн“ | 2.016 | 176 | 29 | 205 |
| 5. | ОССУ „Ѓоце Стојчески“ | 663 | 70 | 15 | 85 |
| 6. | ОСЕУ „8 Септември“ | 1.104 | 112 | 12 | 124 |
| | **ВКУПНО:** | **7.699** | **682** | **125** | **807** |

Согласно одредбите од Законот за средното образование, од учебната 2007/2008 година, средното образование во Република Северна Македонија е задолжителна со што, задолжително ги опфаќа сите ученици кои го завршуваат основното образование. Со

ваквата задолжителна сеопфатност на децата во средното образование во однос на претходната ситуација кога оваа дејност не беше задолжителна, предизвикан е рапиден пораст на бројот на средношколците во јавните и државните средни училишта, енормен пораст на  бројот на наставници и другите вработени во средните училишта. Со ваквиот пораст, паралелно растат и другите издатоци- потребни за функционирање на средните училишта. Во првите години од спроведувањето на задолжителното средно образование, постојните средни училишта внатрешно се прошируваат но, се основани и изградени нови средни училишта. Во Тетово е изградена училишната зграда во која работи втората гимназија „7 Марси“. Со тоа што средното образование државата ја направи задолжителна за сите завршени основци, државата врз себе зеде многу големи обврски, пред се финансиски кои ипак, во целост не може да ги исполнува. Делот од буџетот наменет за средното образование, значително е зголемен. **Тоа се парите наменети за средношколците.**

## 2.1. КАКО СЕ ГЕНЕРИРААТ ПАРИТЕ НА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ- БЛОК ДОТАЦИЈАТА ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Според Законот за Средното Образование, средствата за финансирање на јавното средно задолжително образование се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, на начин и по постапка утврдено со Законот за Буџетите на Република Северна Македонија, Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. За единиците на локалната самоуправа (општините), овие средства наменети за средното образование,  од буџетот на државата се доделуваат како **блок дотации** кои во основа се формираат **по глава на ученик**, согласно со Уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите и Уредбата за методологијата за распределба на капиталните и наменските дотации утврдени во Законот за финансирање на единиците на

локалната самоуправа. Според показателите за 2018 година, блок дотацијата за средното образование во општина Тетово се однесува по глава на **7.699 средношколци**.

*ПРИКАЗ 2: Блок дотација по училишта за 2018- ГОДИШНО И МЕСЕЧНО*

| Средно училиште | Годишно | | Месечно | |
|---|---|---|---|---|
| | ДЕНАРИ | ЕВРА | ДЕНАРИ | ЕВРА |
| **1. Гимназија „Кирил Пејчиновиќ“** | **69.933.000,00** | **1.137.122,00** | **5.827.750,00** | **94.760,00** |
| **2. Гимназија „7 Марси“** | **53.954.000,00** | **877.301,00** | **4.496.167,00** | **73.108,00** |
| **3. ОСУ „Моша Пијаде“** | **94.345.114,00** | **1.534.067,00** | **7.862.093,00** | **127.839,00** |
| **4. ОСМУ „Никола Штејн“** | **116.460.636,00** | **1.893.669,00** | **9.705.053,00** | **157.806,00** |
| **5. ОСТУ „Ѓоце Стојчески“** | **45.807.350,00** | **744.835,00** | **3.817.278,00** | **62.069,00** |
| **6. ОСЕУ „8 Септември“** | **64.933.000,00** | **1.055.821,00** | **5.376.618,00** | **87.425,00** |
| **Вкупно:** | **445.433.100,00** | **7.242.815,00** | **37.084.959,00** | **603.007,00** |

*ПРИКАЗ 2/А: МЕСЕЧНИ/ГОДИШНИ Блок дотации. Поделба: Плати и Други потреби*

| | Средно училиште | ГОДИШНА БЛОК ДОТАЦИЈА | | | | МЕСЕЧНА БЛОК ДОТАЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Средства наменети за плати | | Средства за други Потреби | | Средства наменети за плати | | Средства за други отреби | |
| | | ДЕНАРИ | ЕВРА | ДЕНАРИ | ЕВРА | ДЕНАРИ | ЕВРА | ДЕНАРИ | ЕВРА |
| 1. | Гимназија „Кирил Пејчиновиќ“ | 52.569.508,00 | 854.789,00 | 17.363.492,00 | 282.333,00 | 4.380.792,00 | 71.232,00 | 1.446.958,00 | 23.528,00 |
| 2. | Гимназија „7 Марси“ | 39.356.433,00 | 639.942,00 | 14.597.567,00 | 237.359,00 | 3.279.703,00 | 53.329,00 | 1.216.464,00 | 19.780,00 |
| 3. | ОСУ „Моша Пијаде“ | 79.608.780,00 | 1.294.452,00 | 14.736.334,00 | 239.615,00 | 6.634.065,00 | 107.871,00 | 1.228.028,00 | 19.968,00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | **ОСМУ „Никола Штејн“** | **84.041.568,00** | **1.366.530,00** | **32.419.068,00** | **527.139,00** | **7.003.464,00** | **113.877,00** | **2.701.589,00** | **43.928,00** |
| 5. | **ОСТУ „Ѓоце Стојчески“** | **33.971.277,00** | **552.378,00** | **11.836.123,00** | **192.457,00** | **2.830.935,00** | **46.031,00** | **986.343,00** | **16.038,00** |
| 6. | **ОСЕУ.„8 Септември“** | **47.319.830,00** | **769.428,00** | **17.613.170,00** | **286.393,00** | **3.918.204,00** | **63.711,00** | **1.458.414,00** | **23.714,00** |
| | **ВКУПНО** | **336.867.396,00** | **5.477.519,00** | **108.565.754,00** | **1.765.296,00** | **28.047.163,00** | **456.051,00** | **9.037.796,00** | **146.956,00** |

Наведената блок дотација, Општината ја распределува на училиштата како **Буџет на училиштето за една година,** врз основа на **формула** во која истотака, централно место завзема бројот на ученици во училиштето во соодветната година.

Во формирањето на буџетот на училиштето би требало да учествуваат и дополнителните средства од буџетот на општината.вСо оглед на тоа дека, согласно чл.22, став 1, точка 8 од Законот за Локалната Самоуправа („Сл.вессник на РМ“бр.5/2002г), за образованиeто општината е надлежна „за основање,финансирање и администрирање на основни и средни училишта во соработка со централната власт“, блок дотацијата добиена од буџетот на државата може да ја дополни со средства од сопствени извори (освен за платите на вработените). Од увидот во извештаиte за завршните сметки на училиштата и разговорот воден со стручните лица по книговодството на средните училишта, се доаѓа до заклучок дека блок дотацијата за средното образование за 2018 година не е дополнета со средства на општината (освен во случај на ребалансот на буџетот на општината).

Согласно одредбите од Законот за средното задолжително образование, училиштата можат да стекнуваат средства и од други извори: 1) од сопствени извори и 2) од други извори (вон училиштето). Од сопствени извори, училиштата стекнале одредени средства преку партиципација на корисниците на услугите, продажбата на производи и услуги кои се резултат на вршење на основната дејност на училиштето. Средствата од други извори, вон училиштето можат да бидат стекнати од трговските друштва, јавните претпријатија, установи и органи на државна управа во кои се остварува практична обука

за учениците- проекти одобрени од Министерот- камати и дивиденди на пласирани средства, легати, подароци, завештанија и др.

Според изјавите на компетентните книговодствени служби од училиштата, видно и од нивната документација, во формирање на буџетот на средните училишта во Тетово за 2018 година главни се 2 извори, и тоа: Блок дотацијата и средствата стекнати од сопствени извори на училиштата.

*ПРИКАЗ 3: Буџет на училишта- ГОДИШНО И МЕСЕЧНО*

| | Средно училиште | БЛОК ДОТАЦИЈА (ДЕНАРИ) | Средства –стекнати од сопствени извори (од училиштето) (ДЕНАРИ) | ВКУПНО: БУЏЕТ НА УЧИЛИШТЕТО | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ДЕНАРИ | ЕВРА |
| 1. | Гимназија „Кирил Пејчиновиќ“ | **69.933.000,00** | 4.343.000,00 | 74.276.000,00 | 1.207.740,00 |
| 2. | Гимназија „7 Марси“ | **53.954.000,00** | 2.609.500,00 | 56.563.500,00 | 919.732.00 |
| 3. | ОСУ „Моша Пијаде“ | **94.345.114,00** | 21.249.314,00 | 115.594.428,00 | 1.879.584,00 |
| 4 | ОСМУ „Никола Штејн“ | **116.460.636,00** | 4.422.120,00 | 120.882.756,00 | 1.965.573,00 |
| 5. | ОСТУ „Ѓоце Стојчески“ | **45.807.350,00** | 1.613.418,00 | 47.420.768,00 | 771.069,00 |
| 6. | ОСЕУ „8 Септември“ | **64.933.000,00** | 2.368.000,00 | 67.301.000,00 | 1.094.325,00 |
| | **ВКУПНО:** | **445.433.100,00** | **36.605.352,00** | **482.038.452,00** | **7.838.023,00** |

## 2.2. КАКО СЕ ТРОШАТ ПАРИТЕ НА СРЕДНОШКОЦИТЕ

Како што може да се види од Приказот 2/А на месечниот и годишниот Буџет на училиштата, скоро 80% од блок-дотацијата на училиштето е наменет за платите на вработените. Останатите средства од буџетот на училиштетата се трошат за создавање на услови за функционирање на училиштата односно, за задоволување на образовните и други потреби на средношколците, како што се: превозот на учениците од нивното живеалиште до училиштето, обезбедување на огрев за училиштата, обезбедување на материјали за внатрешно и надворешно одржување на училишните капацитети (дворови, згради, работилници и др), опремување на училиштата со современа информатичка-комуникациска технологија, приклучок на интернет, обуки за наставниците, создавање на пристојни просторни, хигиенски, културно-забавни и други стандарди.

Обезбедувањето на материјалните добра за наведените потреби за реализација на средното образование се реализира преку **јавни набавки**. Одреден број на овие потреби се исполнуваат и без да се организира јавна набавка. На пример, потребите за електрична енергија не се реализира со тендер за јавна набавка, истотака и исполнувањето и плаќањето на комуналните услуги.

Според Законот за јавните набавки („Сл.весник на РМ“бр.24/2019г.), постојат три вида јавни набавки:

- **Јавни Набавки на Услуги,** подразбира начин на обезбедување и начин на плаќање на се што спаѓа под Услуги- неопходни за функционирање на училиштето, на пример**:** јавни набавки за обезбедување на превоз на учениците од нивното живеалиште до училиштето, јавни набавки за медицински прегледи на вработените во училиштето, приклучок на интернет мрежа, обезбедување на училиштето, осигурување на имотот и на лицата на училиштето и др.

- **Јавни Набавки на Стоки,** подразбира начин на обезбедување и начин на плаќање на се што спаѓа во Материјални добра (стока), на пример: набавки за течно гориво потребна за греење, набавка на наставни средства и помагала и наставни материјали, набавки на

информатичка- комуникациска технологија, на училишен инвентар (клупи, столчиња) набавка на канцелариски материјали (хартија, фотокопир, апарати) тонери, набавки на средства за хигиена и др.

- **Јавни Набавки на Работи,** подразбира начин на обезбедување и начин на плаќање за вршење на работи, на пример: Изградба- доградба на училишни објекти, разни поправки внатре и надзор од училиштето, одржување на информатичко-комуникациската техника со која располага училиштето и др.

Најголемите суми од буџетот на училиштата „ги јадат" трошоците за превозот на учениците од нивното место на живеење до средното училиште и обезбедувањето на гориво за огрев. Потоа, доаѓа исполнувањето и на другите наведени потреби за нормална работа на училиштето.

Токму затоа, јавните набавки кои заслужуваат посебно внимание и преставуваат добар и јасен одговор на прашањето КАКО И КАДЕ СЕ ТРОШАТ ПАРИТЕ НА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ, се:

**- Јавните Набавки на Услуги: <u>Превозот на учениците од нивното живеалиште до училиштето и обратно</u>**

**- Јавни набавки на стоки: <u>Набавка на течни горива-нафта за греење</u>**

**<u>Превозот на учениците од нивното живеалиште до училиштето и обратно</u>**

Набавките за превозот на учениците од нивното живеалиште до училиштето и обратно (далечина од 2 км и повеќе) за сите средни јавни училишта се спроведуваат на ниво на општина Тетово. Во 2018 година, овие набавки завземаат централно место во трошењето на буџетот на средните училишта, со вкупна сума од **<u>79.584.403,00</u> ДЕНАРИ или <u>1.294.055,00</u> ЕВРА.**

Како што се гледа од ПРИКАЗ 4: набавките за превоз на средношколците од јавните средни училишта во Тетово, за 2018 година завземаат 73,30 % од Блок дотацијата. Гледано од аспект на останатите потреби на училиштата, со голо око се приметува дека ваквата

стапка потрошена за превозот на учениците е превисока. Причините за ваквите состојби се однесуваат на неколку фактори:

- Тарифникот за превоз на ученици е донесен уште во 2012 година. Според него, за 2018 година, за еден ученик се плаќа околу 1.400,00 денари превоз, за месец со 20-24 наставни денови. Со оглед на тоа дека се работи за колективен превоз, училиштата наведуваат дека оваа цена треба да биде многу пониска.

- Објавувањето и реализацијата на тендерите за превоз на ученици се реализира со формална конкуренција на превозници. За реализација на превозот на средношколците во 2018година,на тендерите конкурирале 4 превозни компании: „Башким турс“, „Ферт Атомик“, „Унион Бус“ и „Нерашт ком“. Сите со седиште се од подрачјето на Тетово. Компании од поширока територија на државата не се јавуваат на тендер и тоа, на наведените компании им дава комоција при договарањето на цените по ученик и по релации. Значи, на тендерите, доминантен е еден превозник, другите кои учествуваат, тоа го прават формално. Тоа значи дека нема реална конкурентност која би влијаела на договрењето на реални цени по ученик и по релација прави, превозниците да стојат на високи цени. Од тука произлегува и потребата да има една компанија на Јавен Градски Превоз која, покрај исполнувањето на потребите на граѓаните за јавен превоз ќе биде конкурент на наведените компании во услугите и формирање на цените за превозот на учениците. Од наведените компании, секоја година (па и во 2018 г.) тендерот го добива најјаката компанија („Башким турс“) која после завршување на тендерот, одредени релации им ги дава на останатите наведени превозни компании.

Стручните книговодствени служби и раководни лица на средните училишта кои, врз основа на долгогодишните искуства и реалните состојби кои со години доминираат со јавната набавка – Превоз на ученици во општина Тетово, како едно издржливо решение го нагласуваат потребата Општина Тетово да основа сопствено претпријатие за јавен превоз која ќе биде конкурентна на сегашните превозници и превозот на средношколците ќе го реализира со реални можности и разумни цени.

- Со Законот за Средното Образование (чл.41а, став 2) ученикот кој живее над 2,5 км далеку од училиштето има право на бесплатен превоз до училиштето и обратно. Според Законот за Локалната Самоуправа, организирањето на превозот на учениците спаѓа во надлежност на општината. Со години station наназад и сега, Јавната Набавка за превозот на учениците за сите училишта од подрачјето на Тетово, го спроведува општината. Според разговоорот со надлежните (раководството и книговодствените) служби на училиштата кои ги следат нивните финансии, дел од наследениот долг кој се однесува на јавниот превоз, се однесува и на недоволно водење сметка за рационално трошење: неводење сметка за точниот број на ученици кои навистина имаат потреба за бесплатен превоз, не класификација на

релациите по далечина, конфигурација на релацијата и реалната цена на истата.  За да се намалат средствата кои се трошат за јавниот превоз на учениците, наведените стручни лица и служби укажуваат на потребата за рационално и домаќинско работење со средствата наменети за превозот на учениците. Со оглед на тоа дека не сите запишани ученици од училиштата се оддалечени повеќе од 2,5 км, потребно е по прецизно да се одреди бројката на тие ученици кои го исполнуваат наведениот услов за бесплатен превоз. Истотака, потребно е да се направи прецизна класификација на релациите на кои се превезуваат учениците, со точен број на ученици во таа релација.

*ПРИКАЗ 4: Потрошени средства за набавка на услуги/превоз на ученици, по училишта, во 2018 година:*

| | Средно училиште | Блок дотација за 2018<br><br>БЕЗ ПЛАТИ | | Потрошени за ПРЕВОЗ НА УЧЕНИЦИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во денари | Евра | Во денари | Евра | Процентуално- од блок дотацијата |
| 1. | Гимназија „Кирил Пејчиновиќ“ | **17.363.492,00** | 282.333,00 | 12.840.500,00 | 208.789,00 | 73,95% |
| 2. | Гимназија „7 Марси“ | **14.597.567,00** | 237.359,00 | 11.015.000,00 | 179.105,00 | 75,46% |
| 3. | ОСУ „Моша Пијаде“ | **14.736.334,00** | 239.615,00 | 9.178.633,00 | 149.246,00 | 62,29% |
| 4. | ОСМУ „Никола Штејн“ | **32.419.068,00** | 527.140,00 | 24.558.000,00 | 399.317,00 | 75,75% |
| 5. | ОСТУ „Ѓоце Стојчески“ | **11.836.123,00** | 192.457,00 | 7.510.000,00 | 122.114,00 | 63,45% |
| 6. | ОСЕУ „8 Септември“ | **17.613.170,00** | 286.393,00 | 14.482.270.00 | 235.484,00 | 82,22% |
| | ВКУПНО: | **108.565.754,00** | **1.765.297.00** | **79.584.403,00** | **1.294.055,00** | **73.30%** |

**<u>Јавните набавки за течно гориво за греење</u>**

Во Јавни набавки на стоки, кај сите Јавни Училишта во Тетово за 2018 година видно место завземаат јавните набавки за течно гориво за греење, **со вкупна сума од <u>9.960.647,00</u> денари (351.961,00 евра) што е 10.33% од блок дотацијата (без платите) за средните јавни училишта.**

*ПРИКАЗ 5: Потрошени средства за набавка на ТЕЧНО ГОРИВО за грење по училиште, во 2018 година:*

| | Средно училиште | Блок дотација за 2018, БЕЗ ПЛАТИ | | Потрошени за течно гориво НАФТА | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во денари | Во евра | Во денари | Во евра | Процентуално од блок дотацијата |
| 1. | Гимназија „Кирил Пејчиновиќ“ | **17.363.492,00** | 282.333,00 | 2.030.000,00 | 33.008,00 | 11,69% |
| 2. | Гимназија „7 Марси“ | **14.597.567,00** | 237.359,00 | 1.215.000,00 | 19.756,00 | 8,32% |
| 3. | ОСУ „Моша Пијаде“ | **14.736.334,00** | 239.615,00 | 2.926.442,00 | 47.584,00 | 19,86% |
| 4. | ОСМУ „Никола Штејн“ | **32.419.068,00** | 527.140,00 | 1.175.805,00 | 19.119,00 | 3,63% |
| 5. | ОСТУ „Ѓоце Стојчески“ | **11.836.123,00** | 192.457,00 | 1.313.400,00 | 21.356,00 | 11,10% |
| 6. | ОСЕУ „8 Септември“ | **17.613.170,00** | 286.393,00 | 1.300.000,00 | 21.138,00 | 7,38% |
| | ВКУПНО: | **<u>108.565.754,00</u>** | **<u>1.765.297.00</u>** | **<u>9.960.647,00</u>** | **<u>351.961,00</u>** | **<u>10.33%</u>** |

Потрошените средства за набавка на превозот на учениците и за набавка на течно гориво за греење сочинуваат 83.63% од блок дотацијата (без плати) наменети за средните училишта за 2018 година. Останатите средства (заедно со средствата на училиштата од сопствени извори) остануваат да се употребуваат за исполнување на останатите потреби, истотака- неопходни за нормална работа на средните Јавни Училишта (обезбедување на материјали за внатрешно и надворешно одржување на училишните капацитети, дворовите, зградите, работилниците, опремување на училиштата со современа информатичка-комуникациска технологија, приклучок на интернет, обуки за наставниците, создавање на пристојни просторни, хигиенски, културно-забавни и други стандарди).

Со наведениот остаток од блок дотацијата и средствата од училиштата стекнати од сопствени извори, сигурно не се исполнуваат сите останати потреби на средните јавни училишта.

## ДОЛГОВИ НА ЈАВНИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА ЗА 2018 година: НАБАВКА НА НАФТА И ЈАВЕН ПРЕВОЗ

Долгот од јавната набавка за превоз на учениците и јавната набавка на Течно гориво претставуваат два капитални долгови на училиштата за 2018 година. Овие два вида долгови слободно може да ги нарекуваме капитални затоа што вкупно изнесуваат 91% од вкупниот долг на средните училишта за 2018 година.

*ПРИКАЗ 5: Долг за превоз на ученици и за течно гориво за греење- 2018 година*

| | Средно училиште | **ВКУПЕН Долг на крај на 2018** | | **ДОЛГ ЗА ПРЕВОЗ** | | **ДОЛГ ЗА НАФТА** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Денари** | **Евра** | Денари | Евра | Денари | Евра |
| 1. | Гимназија „Пејчиновиќ“ | **27.811.845,00** | **452.225,00** | 13.891.718,00 | 225.882,00 | 1.044.378,00 | 16.982,00 |
| 2. | Гимназија „7 Марси“ | **1.337.417,00** | **21.747,00** | 799.052,00 | 12.993,00 | НЕМА | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | ОСУ „Моша Пијаде“ | **70.683.193,00** | **1.149.320,00** | 58.343.679,00 | 948.678,00 | 7.787,837,00 | 126.632,00 |
| 4. | ОСМУ „Никола Штејн“ | **64.866.533,00** | **1.054.740,00** | 56.038.145,00 | 911.189,00 | 6.352.763,00 | 103.297,00 |
| 5. | ОСТУ „Ѓоце Стојчески“ | **24.360.547,00** | **396.106,00** | 23.996.725,00 | 390.191,00 | -НЕМА | |
| 6. | ОСЕУ „8 Септември“ | **21.875.345,00** | **355.697,00** | 21.783.785,00 | 354.207,00 | | |
| ВКУПНО: | | **210.934.880,00** | **3.429.835,00** | 174.853.104,00 | 2.843.132,00 | 15.184.978,00 | 246 911,00 |

Како што може веќе да се констатира, финансиското работење на јавните средни училишта- Тетово за 2018 година, ги карактеризираат долговите. Изразен како вкупен долг на крај на 2018 година, тоа се: 210.934.880,00 денари или 3.429.835,00 евра. Додека самата блок дотација (без плати) за средното образоване во Тетово за 2018 година изнесува 108.565.754,00денари (1.765.297.00 евра)?!

*ПРИКАЗ 6: Вкупен долг на Јавните Средни Училишта за 2018 година*

| | **Средно училиште** | **ВКУПЕН Долг на крај на 2018** | |
|---|---|---|---|
| | | **Денари** | **Евра** |
| 1. | Гимназија „ Кирил Пејчиновиќ“ | 27.811.845,00 | 452.225,00 |
| 2. | Гимназија „7 Марси“ | 1.337.417,00 | 21.747,00 |
| 3. | ОСУ „Моша Пијаде“ | 70.683.193,00 | 1.149.320,00 |
| 4. | ОСМУ „Никола Штејн“ | 64.866.533,00 | 1.054.740,00 |
| 5. | ОСТУ „Ѓоце Стојчески“ | 24.360.547,00 | 396.106,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | ОСЕУ „8 Септември“ | 21.875.345,00 | 355.697,00 |
| | **ВКУПНО:** | **210.934.880,00** | **3.429.835,00** |

**Како настанал овој голем долг?** - Во оваа сума долгови има:

- Заостанат долг од минатите години, во најголема мера се однесува на, со години на назад, не исплатените средства, од договорените јавни набавки на транспортот на учениците и од јавните набавки на течното гориво- нафта за греење. Овие прашања можат да бидат предмет на други истражувања;

- Направениот долг во 2018 година се однесува прво на недоволната блок дотација за 2018, за средните училишта. Само за превоз на ученици и за набавка на течно гориво за 2018 година се потрошени 83.63% од блок дотацијата (без плати) наменет за средните училишта за 2018 година. Од нејзиниот останат дел од 16.37% од наведената блок дотација, не е можно да се покриваат останатите трошоци на училиштата, а тоа значат нови долгови.

- Долг од каматите на вкупните долгови: горенаведениот наследен долг со години ненаплатен „призведувал“ вртоглави камати. Како наведуваат компетентните книговодствени стручни служби на училиштата, тие се соочени со високи камати над камати и со решенија на извршители со кои им е блокирана сметката, со што од блок дотацијата наменета за училиштето, се допуштаат само средствата за плати а сето останато директно се пренасочува во сметките на доверителите. И во овој случај, наведуваат стручните книговодствени служби на училиштата, се успева да се платат само каматите додека главнината на долгот останува и понатаму да генерира нови камати. НАВЕДЕНИТЕ СОСТОЈБИ, ОСОБЕНО КОГА СТАНУВА ЗБОР ЗА ДОЛГОТ НАПРАВЕН ЗА ПРЕВОЗОТ НА УЧЕНИЦИТЕ, УЧИЛИШТАТА ГИ ДОВЕДУВА ДО ПАРАДОКС: НАМЕСТО ДА ГО НАМАЛАТ ДОЛГОТ, СЕКОЈА ГОДИНА ДОЛГОТ ИМ РАСТЕ?!

**Кое е нивото на информираноста и заинтересираноста на напосредно засегнатите страни**

Интересот на непосредно засегнатите страни: наставниците, родителите и учениците, за формирање и трошење на буџетот на училиштето, е на ниско ниво. Според Законот за Средното Образование, на крајот на секоја календарска година Училишниот одбор разгледува и усвојува завршната сметка за финансиското работење на училиштето

каде добива информации за буџетот на училиштето и неговото трошење. Иако во овој Орган на управување на училиштето има претставници од наставниците, родителите, основачот на училиштето (Општината) и МОН, сосема пасивно се прифаќаат податоците за блок дотацијата, буџетот на училиштето и реализацијата на јавните набавки. Ученичката заедница истотака останува неинформирана, а поради неинформираност се однесува и незаинтересирана. Ова се потврдува и од Извештаите од извршените интегрални евалуации на работата на средните училишта (делот за финансиско работење на училиштето), увид во извештаите за завршните снетки на училиштата, записниците од состаноците на Училишните одбори, записниците од состаноците на Наставничките совети на училиштата, податоците за функционирање на ученичката заедница, записниците од состаноците на Советот на родители, седниците на Советот на општината кога се разгледуваат и усвојуваат завршните сметки за финансиското работење на училиштата.

За сензибилизација на наведените фактори на училиштето, потребно е без одлагања да се организираат информативни собири, особено со унијата на средношколците.

Транспарентноста на основачот на јавните средни училишта во однос на поделбата на блок дотацијата наменета за средното образование и методологијата на формирањето на буџетот на училиштата, не е на потребно ниво.

И, при крајот на анализата, да се вратиме на двете насловни прашања:

1. КАКО СЕ ГЕНЕРИРААТ ПАРИТЕ НА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ?

**- Средствата (парите) како блок дотација на Државата и од другите извори, наменети за јавното средно задолжително образование во Тетово, не се доволни и не се во сразмер со реалните потребите.**

2. КАКО СЕ ТРОШАТ ПАРИТЕ НА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ, фокус: Јавни Набавки за 2018 година?

**- Парите на средношколците на Тетово за 2018 година но, и со години наназад, не се доволни, не се трошат наменски и не секогаш се трошеле домаќински.**

## 3.ПРЕПОРАКИ

- ✓ Уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите, да претрпи измени. Освен критериумот „per capita“, по глава на ученик, во формирањето на блок дотацијата за средното образование, треба да се земаат и други дополнителни показатели, распространетоста и конфиргурацијата на теренот во кој живеат средношколците, нивната далечност од градот Тетово и др. На пример, не е исто еден ученик да патува во градско подрачје и еден ученик кој патува 20 км од село -длабоко во планина како с.Бозовце или с.Гургурница.
- ✓ Основачот на средните училишта (Општина Тетоово), треба да планира учество со дел од сопствени средства во буџетот на училиштата.
- ✓ Да се интервенира во цените за превоз на учениците кои се пропишани во Тарифниот систем за превоз во градскиот и приградскиот (општински )превоз на патници кој е донесен од страна на општина Тетово, уште во 2012 година.
- ✓ Општина Тетово да основа компанија за Јавен Градски Превоз која, покрај исполнувањето на потребите на граѓаните за јавен превоз, ќе биде конкурент на наведените компании во услугите и формирање на цените за превозот на учениците, со што ќе се разбие монополот на сегашниот превозник на учениците.
- ✓ Основачот на училиштата треба сериозно да се залага како училиштата да излезат од парадоксалнатата ситуација: секоја година, наместо да се намали, нивниот долг е во пораст. Бидејќи, на крајот на краиштата, на некој начин самата општина кумувала во создавањето на големите долгови при набавки за превозот и за течното гориво за греење.
- ✓ Транспарентноста на основачот на јавните средни училишта, во однос на методологијата на формирањето на буџетот на училиштата, треба да биде на повисоко ниво.
- ✓ Да се подигне информираноста и интересирањето на непосредно заинтересираните страни: наставниците, родителите и учениците, за формирање и трошење на буџетот на училиштето. Особено со унијата на средношколците, да се организираат информативни состаноци.

# ИЗВОРИ

- Закон за Средното Образование
- Закон за Извршување на Буџетот на Република Северна Македонија
- Закон за Финансирање на единиците на локалната самоуправа
- Закон за Јавни набавки во единиците на локалната самоуправа
- Закон за Спречување на корупцијата
- Уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите

-Тарифен систем за превоз во градскиот и приградскиот (општинскиот) превоз на патници, донесен  на 31.01.2012г. од страна на општина Тетово

- Материјали од Електронски систем за јавни набавки
- Годишни програми за работата на училиштето
- Завршни сметки на јавните средни училишта- Тетово, за 2018 година- Записници од состаноци на Училишни Одбори, Наставнички совети, Совет на родители, Ученичка заедница.
- Извештаи од Интегрални евалуации за работата на средните училишта
- Материјали од компетентните книговодствени служби на училиштата, за 2018 година

- Информации од објавени тематски разговори со секретарите и стручните лица – книговодители на училиштата.

www.multikultura.org.mk